| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1266 | 400 | Лични доходи на работниците | 699.000 | |
| 1267 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 100.000 | |
| 1268 | 401 | Материјални трошоци | 30 000 | |
| 1269 | 401/1 | Општествена исхрана | 150.000 | |
| 1270 | 402 | Амортизација | 1.000 | 980.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1271 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1272 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 20.000 | |
| 1273 | 418 | Посебни материјални трошоци | 700.000 | 819.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 177 (Позиции од 1266 до 1273) | | 1.799.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | РАЗДЕЛ 178 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — ПРИЛЕП** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1274 | 400 | Лични доходи на работниците | 631.000 | |
| 1275 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 95.000 | |
| 1276 | 401 | Материјални трошоци | 40.000 | |
| 1277 | 401/1 | Општествена исхрана | 150.000 | |
| 1278 | 402 | Амортизација | 1.000 | 917.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1279 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1280 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 20.000 | |
| 1281 | 418 | Посебни материјални трошоци | 1.000 000 | 1.119.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 178 (Позиции од 1274 до 1281) | | 2.036.000 |
| | | РАЗДЕЛ 179 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — ТЕТОВО** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1282 | 400 | Лични доходи на работниците | 532.000 | |
| 1283 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 80.000 | |
| 1284 | 401 | Материјални трошоци | 30.000 | |
| 1285 | 401/1 | Општествена исхрана | 120.000 | |
| 1286 | 402 | Амортизација | 1.000 | 763.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1287 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1288 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 3.000 | |
| 1289 | 418 | Посебни материјални трошоци | 1.000.000 | 1.102.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 179 (Позиции од 1282 до 1289) | | 1.865.000 |
| | | РАЗДЕЛ 180 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — ТИТОВ ВЕЛЕС** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1290 | 400 | Лични доходи на работниците | 494.000 | |
| 1291 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 79.000 | |
| 1292 | 401 | Материјални трошоци | 30.000 | |
| 1293 | 401/1 | Општествена исхрана | 105.000 | |
| 1294 | 402 | Амортизација | 1.000 | 7.009.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1295 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1296 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 8.000 | |
| 1297 | 418 | Посебни материјални трошоци | 700 000 | 807.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 180 (Позиции од 1290 до 1297) | | 1.516.000 |
| | | РАЗДЕЛ 181 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — СКОПЈЕ** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1298 | 400 | Лични доходи на работниците | 1.900.000 | |
| 1299 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 360.000 | |
| 1300 | 401 | Материјални трошоци | 400.000 | |
| 1301 | 401/1 | Општествена исхрана | 540.000 | |
| 1302 | 402 | Амортизација | 1.000 | 3.201.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1303 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1304 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 60.000 | |
| 1305 | 418 | Посебни материјални трошоци | 1.000.000 | 1.159.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 181 (Позиции од 1298 до 1305) | | 4.360.000 |
| | | РАЗДЕЛ 182 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — СТРУГА** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1306 | 400 | Лични доходи на работниците | 433.000 | |
| 1307 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 30.000 | |
| 1308 | 401 | Материјални трошоци | 30.000 | |
| 1309 | 401/1 | Општествена исхрана | 75.000 | |
| 1310 | 402 | Амортизација | 1.000 | 569.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1311 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | | |
| 1312 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 20.000 | |
| 1313 | 418 | Посебни материјални трошоци | 170.000 | 190.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 182 (Позиции од 1306 до 1313) | | 759.000 |
| | | РАЗДЕЛ 183 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — СТРУМИЦА** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1314 | 400 | Лични доходи на работниците | 790.000 | |
| 1315 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 115 000 | |
| 1316 | 401 | Материјални трошоци | 45.000 | |
| 1317 | 401/1 | Општествена исхрана | 173.000 | |
| 1318 | 402 | Амортизација | 1.000 | 1.124.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1319 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1320 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 20.000 | |
| 1321 | 418 | Посебни материјални трошоци | 1.000.000 | 1.119.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 183 (Позиции од 1314 до 1321) | | 2.243.000 |
| | | РАЗДЕЛ 184 — **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА — ШТИП** | | |
| | | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1322 | 400 | Лични доходи на работниците | 783.000 | |
| 1323 | 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 115.000 | |
| 1324 | 401 | Материјални трошоци | 45.000 | |
| 1325 | 401/1 | Општествена исхрана | 173.000 | |
| 1326 | 402 | Амортизација | 1.000 | 1.117.000 |
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | |
| 1327 | 410 | Лични доходи на функционерите и на раководните работници | 99.000 | |
| 1328 | 418 | Надоместок за спровод на осудени лица | 40.000 | |
| 1329 | 418 | Посебни материјални трошоци | 1.000.000 | 1.139.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 184 (Позиции од 1322 до 1329) | | 2.256.000 |

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 4

Републичкиот буџет за 1991 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

**692.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1991 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Бр. 08-3313
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1991 ГОДИНА

Член 1

Републичкиот буџет за 1991 година (во натамошниот текст: Буџет) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Републичките органи на управата и републичките управни организации (во натамошниот текст: републички органи), како и други корисници на средствата на Буџетот се должни средствата утврдени во Буџетот да ги користат раководејќи се од начелото на рационалност и штедење.

Член 3

Во средствата на постојаната резерва на Република Македонија се издвојува 0,15% од остварените приходи на Буџетот за 1991 година, намален за износот на придонесот за Буџетот на Федерацијата. Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) одлучува за употребата на средствата од постојаната резерва на Република Македонија.

Член 4

Средствата на Буџетот распоредени за работа на републичките органи се користат и тоа:

1) средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка врз основа на финансиски план и

2) средства за материјални трошоци, за посебни намени и за опрема врз основа на планот за средствата за работа на органите на управата, односно програмата.

Член 5

Средствата предвидени во Буџетот за заедничка потрошувачка се пренесуваат во Фондот за заедничка потрошувачка на републичките органи.

Член 6

Средствата предвидени во Буџетот за финансирање на потребите и интересите на општеството во областите на образованието, науката, културата, техничката култура, физичката култура, социјалната заштита и социјалната сигурност, се користат преку соодветното министерство.

Член 7

Од средствата за амортизација предвидени во Раздел 5 позиција 44 се користи износ од 50% за набавка на опрема на републичките органи, врз основа на одлука на комисијата што ја образува Владата.

Член 8

Средствата предвидени во Раздел 20 позиција 177 — Трошоци за здравствена заштита на учесниците од НОВ, се користат според Законот за здравствена заштита.

Член 9

Средствата во Раздел 27 позиција 250 — Трошоци за одделни радио емисии и програми за странство, се користат според Програмата за финансирање на емисиите и програмите наменети за странство за 1991 година.

Член 10

Средствата во Раздел 64 позиција 529 — Компензација на цената на дневните информативно-политички весници и друго, се користат врз основа на одлука на Владата.

Член 11

Средствата во Раздел 65 позиција 543 — Средствата за намирување на обврските создадени со изградба на проектот „ФЕНИ“ — Кавадарци се користат според одлука на Владата.

Член 12

Средствата предвидени во Раздел 65 позиција 539 Учество во изградбата на водоводи во општините се користат според одлука на Владата во висина од 50% од средствата што ги обезбедува општината.

Член 13

Средствата во Раздел 65 позиција 544 — Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството ги извршува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 14

Средствата во Раздел 65 позициите 545, 546, 547 и 549 ги извршува Министерството за стопанство.

Член 15

Средствата во Раздел 65 позиција 553 — Санација на банките, се користат согласно со Законот за санација на банките, а по одлука на Владата.

Член 16

Средствата во раздел 65 позиција 554-а се користат според Одлука на Владата.

Член 17

Користењето на средствата според одлука на Владата содржани во членовите 10, 11, 12, 15 и 16 се врши по претходно доставена уредна документација.

Член 18

Средствата за изградба и опремување на објекти од општ интерес за Републиката, во Раздел 66 позиција 557 — по корисници и намени ги распоредува Владата.

Член 19

Средствата во Раздел 66 — позиција 566 — Финансирање на програмата за општонародна одбрана се користат и за отплата на кредити за набавка на опрема според Програмата за општонародна одбрана и за општествена самозаштита.

Член 20

Средствата за извршување на обврските на Републиката за посебен додаток кон пензиите, како и за обврските по основ на пензиското и инвалидското осигурување утврдени со закон во Раздел 66 позиција 574 и 575 — Средства за исплата на пензии согласно со Законот за органите на управата се пренесуваат на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија.

Член 21

Средствата предвидени во Разделите 66, 67 и 68 ги извршува Министерството за финансии.

Член 22

Приходите што ќе ги остварат републичките органи од вршењето на услуги, намалени за расходите направени за остварување на тие приходи, се уплатуваат во Буџетот, наредниот ден по извршената наплата, освен приходите што ќе ги остварат Министерството за внатрешни работи, Казнено-поправните домови, Воспитно-поправниот дом — Тетово, Републичкиот хидрометеролошки завод, Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка, Матицата на иселениците од Македонија, Републичкиот завод за судски вештачења и Републичкиот завод за статистика.

Приходите што ќе ги оствари Министерството за внатрешни работи ги користи за набавка на опрема и за други потреби од Програмата за модернизација на Службата за внатрешни работи од надлежност на Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот хидрометеоролошки завод ги користи за набавка на опрема според Програмата за развој на хидрометеоролошките работи од општ интерес за Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот завод за статистика ги користи за набавка на опрема според Програмата за статистички истражувања од интерес за Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка се користат како учество на Републиката за определени видови на меѓународна научно-техничка соработка, за изградба и опремување на објекти и за издавање учебници за потребите на насоченото образование.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот завод за судски вештачења ги користи за реализација на Програмата за опремување на Заводот.

Приходите што ќе ги остварат казнено-поправните установи и Воспитно-поправниот дом-Тетово, ќе ги користат за материјални трошоци.

За остварените приходи по овој основ републичките органи и организации од став 1 на овој член поднесуваат тримесечни извештаи до Министерството за финансии и Собранието на Република Македонија.

Член 23

Кога приходите што со својата дејност ги остваруваат републичките органи, како и другите приходи што му припаѓаат на Буџетот, се погрешно наплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако такви приходи нема на товар на другите приходи на Буџетот.

Решение за враќање на приходите од став 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 24

Кога средствата на Буџетот погрешно се уплатат или исплатат во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе исплатениот износ се враќа во Буџетот.

Решение за враќање на средствата од став 1 на овој член донесува министерот за финансии, ако со закон не е определено поинаку.

Член 25

Средствата од Буџетот за лични доходи, материјални трошоци и посебни намени што не се потрошени се враќаат во Буџетот најдоцна до 5 јануари 1992 година.

Член 26

Од нераспределениот дел на приходите (тековната буџетска резерва) по правило не се одобруваат средства за намени, кои при донесувањето на Буџетот не се усвоени, освен во исклучителни случаи за што одлучува Владата.

Член 27

Привремено слободните средства на Републиката, министерот за финансии може да ги користи за краткорочни повратни пласмани, за што склучува договор со субјектот кој ги користи таквите пласмани.

Член 28

Буџетот се извршува од 1 јануари до 31 декември 1991 година.

По исклучок од став 1 на овој член, обврските по основ на придонесот за Буџетот на Федерацијата можат да се извршуваат до 31 јануари 1992 година.

За намирување на обврските од став 2 на овој член се користат приходите што се наплатуваат до крајот на месец јануари 1992 година.

Член 29

Кога при контролата се утврди дека претпријатието што врши превоз на патници во јавниот сообраќај врз основа на неточна документација наплатило од Буџетот средства на име надоместок за повластици за групни патувања на деца и младинци, така наплатените средства ги враќа во Буџетот заедно со каматата по стапка во висина на есконтната стапка на Народната банка на Југославија. Каматата се пресметува од денот на наплатувањето на средствата до денот на нивното враќање.

Член 30

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а се применува од 1 јануари 1991 година.

---

**693.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ

Се прогласува Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Бр 08-3312/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува системот на финансирање на општите општествени потреби што се задоволуваат во Република Македонија и на заедничките потреби што се задоволуваат во општината и во градската заедница.

Член 2

Општи општествени потреби што се остваруваат во Републиката се:

— функционирањето на Собранието на Република Македонија и на републичките органи;

— работите на народната одбрана од надлежност на Републиката;

— посебната борачка заштита од надлежност на Републиката;

— со закон утврдените обврски на Републиката за финансирањето на воспитувањето и образованието, научно-истражувачката дејност, културата, физичката и техничката култура, здравствената заштита, социјалната заштита, заштитата на природата и човековата средина;

— поттикнувањето и помагањето на со закон утврдените обврски на Републиката за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;

— интервенциите во стопанството;

— со закон утврдените обврски на Републиката за учество во финансирањето на изградба, одржување и реконструкција на патиштата и на објектите за заштита од поплави, истражувачките работи во рударството, изградбата и опремувањето на објектите за заштита од градобијност и пошумувањето на голините;

— со закон утврдените обврски на Републиката за учество во финансирањето на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на објекти за производство на електрична енергија и на објекти за железничкиот сообраќај;

— со закон утврдените обврски на Републиката за учество во финансирањето на изградбата, одржувањето, реконструкцијата и опремувањето на објекти во областа на општествените дејности;

— учество на Републиката во финансирањето на функциите на југословенската заедница;

— обврски на Републиката што настануваат со основањето на јавни претпријатија.

Член 3

Заедничките потреби што се задоволуваат во општината, односно градската заедница се:

— финансирање на функционирањето на собранието на општината односно на градската заедница и на другите органи на општината, односно на градската заедница и

— другите обврски на општината односно градската заедница утврдени со закон и со одлука на собранието на општината, односно на собранието на градската заедница.

Член 4

Републиката, општината и градската заедница обезбедуваат средства за финансирање на потребите и за извршувањето на задачите и работите што врз основа на Уставот и на законот се должни да ги финансираат.

Потребите во Републиката, општината и градската заедница се финансираат од изворите на приходи што според одредбите на овој закон им припаѓаат.

Приходите од став 2 на овој член се обезбедуваат со плаќање на даноци, такси и други давачки утврдени со закон.

Член 5

Заедничките потреби што се задоволуваат во градската заедница се финансираат од приходите што според овој закон, се утврдени како приход на општината.

Член 6

Средствата за остварување на правата од здравственото, инвалидското и пензиското осигурување, како и вработувањето, се обезбедуваат врз начелото на заемност и солидарност, од изворни приходи на фондови или на друг начин утврден со закон.

Член 7

Средствата за финансирање на општите општествени и на заедничките потреби се утврдуваат во согласност со развојната и економската политика на Републиката.

Член 8

Републиката обезбедува посебни средства, кога на општината, односно на градската заедница ѝ доверува со закон вршење на одделни работи.

Член 9

Републиката, општината и градската заедница има буџет.

Во буџетот се утврдуваат сите приходи на Републиката, на општината и на градската заедница, што според закон ѝ припаѓаат, како и нивниот распоред.

Член 10

Определени обврски и задачи чие извршување бара посебен начин на евидентирање и користење на средства, Републиката може да ги финансира преку посебни сметки.

Слободните средства од став 1 на овој член, министерот за финансии може привремено да ги користи за краткорочни повратни пласмани за што склучува договор со субјектот кој ги користи таквите пласмани.

Член 11

Со закон и друг пропис, со кој се создаваат обврски за буџетот, се утврдуваат изворите, обемот и динамиката на обезбедување на финансиски средства за извршување на тие обврски.

Член 12

Средствата остварени од вршење на работите и задачите на органите на управата се внесуваат во Буџетот на Републиката, ако со закон поинаку не е определено.

Член 13

За своите обврски Републиката одговара со средствата со кои располага.

Член 14

Органите на управата можат да преземаат обврски само во рамките на средствата обезбедени во Буџетот.

Член 15

Контрола на законитоста во остварувањето на приходите и користењето на средствата на Републиката, односно општината и градската заедница, врши организацијата овластена за платен промет.

Член 16

Одредбите на овој закон за буџетите и за завршната сметка и за финансиските програми се однесуваат и на градската заедница.

## II. ПРИХОДИ НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНАТА

Член 17

Приходи на Републиката се обезбедуваат од:

а) Даноци:
1. Данок од доход односно од добивка;
2. Данок од личен доход на работниците;
3. Данок на приход од меѓународна превозничка дејност;
4. Данок на добивка од игра на среќа;
5. Данок на промет на производи и услуги;
6. Данок на приход од земјоделска дејност;
7. Данок на приход од авторски права, патенти и технички унапредувања;
8. Данок на наследство и подарок и
9. Данок за заштита на природата.

б) Такси
1. Административни такси;
2. Судски такси.

в) Други приходи утврдени со закон.

Член 18

На општината ѝ припаѓаат приходите од:
1. Данок на промет на недвижности и права,
2. Данок на имот;
3. Данокот на приходи од имот и
4. Комунални такси.

## III. БУЏЕТ

**1. Содржина на буџетот**

Член 19

Буџетот се состои од општ и посебен дел.

Член 20

Општиот дел на буџетот содржи: вкупен износ на предвидените приходи и расходи, тековна резерва на буџетот како нераспределен дел на приходите и износот на приходите што се издвојуваат во постојаната резерва.

Општиот дел на буџетот содржи и биланс на приходите и расходите, во кој приходите се искажуваат по извор и видови на приходи, а расходите по основни намени.

Член 21

Посебниот дел на буџетот содржи поблизок распоред на расходите по носители и непосредни корисници и намени за кои распоредените приходи се користат.

2. **Изготвување и донесување на буџетот**

Член 22

Постапката на изготвување и донесување на буџетот се состои од изготвување нацрт на буџетот и предлог на буџетот, за годината за која се донесува буџетот.

Член 23

Нацртот на буџетот се изготвува во согласност со развојната и економската политика и други прописи со кои се утврдуваат обврските за кои се обезбедуваат средства во буџетот.

Член 24

Нацртот на буџетот го изготвува Министерството за финансии, а во општината — надлежната служба за буџетот.

Член 25

Врз основа на Нацртот на буџетот се изготвува предлог на буџетот.

Член 26

Буџетот го донесува Собранието на Републиката, односно собранието на општината.

Член 27

Буџетот се донесува за една календарска година и важи за годината за која е донесен.

По исклучок, со закон, односно со одлука за извршување на буџетот може да се утврди извршувањето на буџетот да продолжи и во наредната година, но најмногу за еден месец.

За намирување на обврските од став 2 на овој член се користат приходите што се наплатуваат до крајот на месец јануари од наредната година.

Член 28

Буџетот се донесува пред почетокот на годината за која се донесува.

Ако Собранието на Републиката, односно собранието на општината не го донесе буџетот пред почетокот на годината, финансирањето на функциите на Републиката, односно на општината се врши привремено, врз основа на буџетот од минатата година, а најмногу за три месеци.

Во текот на привременото финансирање можат да се користат средства најмногу во висина на остварените приходи во последните три месеци од годината која ѝ претходи на годината за која буџетот се однесува или во висина од една четвртина од вкупните приходи распоредени со буџетот за претходната година.

Одлука за привременото финансирање донесува Собранието на Републиката, односно собранието на општината.

Член 29

Буџетот мора да биде урамнотежен.

3. **Извршување на буџетот**

Член 30

Извршувањето на буџетот се врши врз основа на одделен закон, односно со одлука на собранието на општината.

Член 31

За извршувањето на буџетот во целост е одговорна Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Влада), односно собранието на општината.

Ако приходите не се остваруваат како што е предвидено во буџетот, Владата односно собранието на општината, може, со цел за одржување на буџетската рамнотежа, привремено да го запре користењето на средствата распоредени со буџетот и да предложи соодветна измена на буџетот.

Член 32

Распоредот на средствата на буџетот за посебни намени може да се менува во текот на годината во рамките на утврдените намени и во висина на распределените средства за одделни намени во целина.

Измените од став 1 на овој член ги врши Владата, односно собранието на општината.

Член 33

За законитото користење на средствата на буџетот, кои се ставени на располагање на корисникот на буџетските средства одговорен е наредбодателот.

За законитата употреба на средствата од став 1 на овој член, покрај наредбодателот е одговорен и сметкополагачот.

Член 34

Министерството за финансии, односно надлежната служба за буџет во општината води евиденција за извршувањето на буџетот и на Владата и Собранието на Републиката односно собранието на општината му доставува повремени извештаи за извршување на буџетот.

Член 35

Во буџетот се издвојува дел од приходите како тековна буџетска резерва за потребите и задачите за кои во буџетот не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

За користење на средствата од тековната буџетска резерва одлучува Владата, односно собранието на општината.

Владата може да го овласти министерот за финансии да одлучува за користењето на средствата од тековната буџетска резерва до определен износ.

IV. ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

Член 36

По истекот на годината за која е донесен буџетот се донесува завршната сметка на буџетот.

Завршната сметка на буџетот ја донесува Собранието на Републиката, односно собранието на општината.

Член 37

Завршната сметка на буџетот се состои од општ и посебен дел.

Во општиот дел на завршната сметка на буџетот се искажуваат: вкупниот износ на планираните и остварените приходи, вкупниот износ на планираните и остварените расходи, износ на издвоените средства во постојаната резерва; разлика меѓу остварените приходи и расходи и распоредот на повеќе остварените приходи, односно начинот на покривање на дефицитот на буџетот.

Општиот дел на завршната сметка на буџетот содржи и биланс на буџетот во кој се искажуваат планираните и остварените приходи по видови и нивниот распоред по намени, одредби за висината на ненамирените обврски и состојби на постојаната резерва.

Посебниот дел на завршната сметка на буџетот го содржи, во рамките на извршувањето на буџетот, планираниот и извршениот распоред на приходи по корисници и носители на средства по основни и поблиски намени, на начин искажан во посебниот дел на буџетот.

Член 38

Предлогот на завршната сметка за извршување на буџетот го изготвува Министерството за финансии, односно надлежната служба за буџетот во општината, најдоцна до 15 март во годината за претходната година, врз основа на податоците од книговодствената евиденција за извршување на буџетот.

Член 39

Општиот дел на завршната сметка за извршување на буџетот се објавува на начин на кој се објавуваат законите, односно одлуките на собранието на општината.

V. СРЕДСТВА НА ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА

Член 40

Во буџетот на Републиката и на општината секоја година се издвојуваат средства во постојана резерва во износ што се утврдува според законот за извршување на Буџетот на Републиката, односно одлука за извршување на буџетот на општината.

Член 41

Средствата од постојаната резерва можат да се користат за:

1. Исплатување на стасани обврски, ако тие обврски не можат да се извршат од редовните средства на Републиката, односно општината поради нерамномерен прилив на приходите,

2. Намирување на расходите настанати како последица на вонредни околности за кои не се обезбедуваат средства во буџетот, како што се: сузбивање на епидемија, сузбивање на заразни болести кај добитокот, сузбивање на растителни штетници, за отстранување на последиците од поплави, пожари, земјотреси и други елементарни непогоди.

По исклучок на став 1 од овој член, средствата од постојаната резерва можат да се користат и за позајмици на општините и за намирување на други потреби од општ интерес, со рок на враќање, најдоцна до крајот на тековната година.

Член 42

Средствата на резервата користени за потребите од член 41 став 1 точка 1 на овој закон, Републиката односно општината е должна да ги врати од наредниот прилив на средства, а најдоцна до крајот на годината за која се користени.

Средствата на резервата за намените од член 41 став 1 точка 2 на овој закон можат да се користат без обврска на враќање.

Член 43

За користењето на средствата од постојаната резерва на Републиката одлучува Владата, а за средствата од постојаната резерва на општината — собранието на општината.

VI. ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА

Член 44

Средствата за работите и потребите чие остварување трае повеќе години се утврдуваат со финансиска програма.

Финансиската програма како општ акт ја донесува Собранието на Република Македонија, односно собранието на општината.

Член 45

Со финансиската програма се утврдуваат: работите, потребите и роковите за нивното извршување, вкупните средства потребни за извршување на програмата во целина, висината на средствата потребни за извршување на програмата во секоја година, органите надлежни за извршување на работата и мерките за извршување на програмата.

Член 46

Средствата за извршување на финансиската програма во одделна година, се обезбедуваат во буџетот. Средствата од буџетот за извршување на финансиската програма можат да се обезбедат со издвојување на приходи од вкупните приходи од буџетот или со определување на средства во утврден износ.

Член 47

Средствата за извршување на финансиската програма се пренесуваат на посебна сметка според утврдената динамика за извршување на задачите во таа година согласно со процентот на остварувањето на приходите во буџетот.

Член 48

Со финансиската програма се утврдува наредбодател за извршување на програмата доколку со закон поинаку не е определено.

Член 49

Непотрошените средства според финансиската програма се пренесуваат во наредната година.

Член 50

За извршување на финансиската програма се составува извештај во рокот предвиден за составување на завршната сметка на органите на управата и се доставува до Министерството за финансии

Член 51

По извршувањето на работите и потребите предвидени во финансиската програма во целина органот надлежен за извршување на финансиската програма составува предлог на завршната сметка во рок од 1 месец и ја доставува до собранието на општината, односно до Собранието на Републиката за одобрување.

Член 52

Финансиската програма и завршната сметка за нејзиното извршување се објавува на начин на кој се објавуваат законите, односно одлуките на Собранието.

VII. ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКАТА

Член 53

Републиката може да се задолжува во земјата и во странство, да издава обврзници, да распишува заеми, да дава гаранции, супергаранции и други облици на емства под услови определени со закон.

Член 54

Во рамките на обемот на буџетот, Републиката може да се задолжи во случај на нерамномерно остварување на приходите во текот на годината и доколку не располага со средства од постојаната резерва во рамките на дозволената потрошувачка.

За задолжувањето од став 1 на овој член одлучува Владата.

Член 55

За извршување на со закон создадени обврски Републиката може да се задолжува под услови определени со закон.

Со Законот за задолжување на Републиката особено се определува:

— видот на задолжувањето;

— вкупниот износ на задолжувањето;

— начинот на кој ќе се врши отплатување (рок, отплата, камата);

— од кои средства ќе се отплатува и

— органот што ќе го склучи договорот за задолжување.

Член 56

За финансирање на определени намени Републиката може да распишува јавен заем.

Со законот за распишување на јавен заем особено се определува:

— целта за која се распишува заемот;
— вкупниот износ на заемот;
— запишувачите на заемот;
— каматната стапка што се плаќа за заемот и начинот на пресметувањето и плаќањето на каматата и
— роковите и начинот на отплатување на заемот.

VIII. КОНТРОЛА

Член 57

Заради контрола на извршувањето на буџетот, корисниците на буџетските средства се должни, по барање на Министерството за финансии да му ги достават финансиските планови како и извештаите за извршување на нивните задачи.

Член 58

Надзор на законитоста во пресметувањето и уплатувањето на приходите во буџетот на општините, односно републиката и наменското користење на буџетските средства врши Министерството за финансии.

Ако во постапката на надзор се утврдат незаконитости, органот од став 1 на овој член ќе донесе решение за отстранување на незаконитостите, односно ќе поднесе пријава до надлежниот орган за преземање мерки поради повреди на важечките прописи.

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Министерот за финансии по потреба донесува поблиски прописи за начинот на изготвувањето на буџетот и изготвувањето на завршната сметка за извршување на буџетот.

Член 60

Со влегувањето во сила на овој закон, Републиката ги презема обврските за финансирање на функциите кои од надлежност на општините се пренесени во надлежност на Републиката.

Член 61

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88, 18/89 и 36/89), и член 14 од Законот за организација и финансирање на Службата за приходи во СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 42/68 и 42/76).

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**694.**

Врз основа на Амандманот LXXV точка 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Број 08-3298/1
30 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров, с. р.**

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ", број 37/80 и 24/88), членот 2 се менува и гласи:

„Внатрешните работи од член 1 на овој закон ги врши Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството)".

Член 2

Во членот 5 став 1 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи се потпираат" се заменуваат со зборовите. „Министерството се потпира".

Член 3

Во членот 6 став 1 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи ја остваруваат" се заменуваат со зборовите: „Министерството ја остварува".

Во став 2: „органите на управата надлежни за внатрешни работи укажуваат помош и соработуваат" се заменуваат со зборовите: „Министерството укажува помош и соработува", а зборовите: „соработуваат" и „даваат" се заменуваат со зборовите: „соработува" и „дава".

Член 4

Во членот 9 став 1 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи и односите на тие органи" се заменуваат со зборот: „Министерството".

Член 5

Членот 10 се брише.

Член 6

Во членот 14 зборовите: „самоуправувањето во органите на управата" се бришат, а зборовите. „органите и работниците на органите на управата надлежни за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството и работниците на Министерството".

Член 7

По глава 1 „Општи одредби" се додава нова глава „I-а и шест нови членови од 14-а до 14-ѓ кои гласат:

„I-а Делокруг и организација на Министерството

Член 14-а

Министерството непосредно ги извршува законите и другите прописи од областа на внатрешните работи, ги следи и одговорно е за состојбите од областа на внатрешните работи, дава иницијативи како и врши други работи утврдени со закон.

Член 14-б

Организацијата на вршењето на внатрешните работи од надлежност на Министерството се утврдува на начин со кој се обезбедува функционално единство во извршувањето на со закон утврдениот делокруг.

Член 14-в

Внатрешните работи од член 1 точка 1 на овој закон во Министерството ги врши Служба за државна безбедност.

Внатрешните работи од член 1 точка 2 на овој закон во Министерството ги врши Служба за јавна безбедност.

Другите внатрешни работи ги вршат управни и други стручни служби во Министерството.

Член 14-г

За вршење на внатрешните работи на територијата на Републиката се образуваат подрачни организациони единици.

Седиштето и подрачјето за кое се образуваат подрачните организациони единици, на предлог од министерот ги определува Владата на Република Македонија.

Член 14-д

За непосредно извршување на работите на јавна безбедност и на другите внатрешни работи, во секоја општина се формира најмалку една станица на милиција.

Член 14-ѓ

Министерството решава во прв степен од областа на внатрешните работи.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија".

Член 8

Во членот 15 став 3 зборовите: „функционерот кој раководи со општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи или републичкиот секретар за внатрешни работи (републички секретар)" се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: министерот)".

Член 9

По членот 15 се додава нов член 15-а кој гласи:

„Член 15-а

Со Службата за јавна безбедност во Министерството раководи потсекретар за јавна безбедност".

Член 10

Членот 23 се менува и гласи:

„Кога е тоа неопходно за водење на кривична постапка или безбедноста на земјата на предлог на министерот, надлежниот суд одлучува да се преземат определени мерки со кои се отстапува од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и на другите средства за општење."

Член 11

Глава „IV Делокруг и основни начела на организацијата на органите на управата надлежни за внатрешни работи" се менува и гласи:

„Работи и задачи на Министерството".

Поглавјето „1. Општински органи на управата надлежни за внатрешни работи" и членовите од 26 до 37 се бришат.

Поглавјето „2. Републички секретаријат за внатрешни работи" и членовите 38 и 39 се бришат.

Член 12

Членот 40 се менува и гласи:

„Кога е утврдено постоење на вонредни околности кои го загрозуваат поредокот утврден со Уставот или кога е нарушен јавниот ред и мир во поголем обем, по претходна одлука на Владата на Република Македонија, министерот ќе донесе акт за ограничување или забрана на движењето на лица на одредени јавни места, односно одржувањето на јавни собири".

Член 13

Во членот 45 зборовите: „на органите на управата надлежни за внатрешни работи и на овластените службени лица на тие органи" се заменуваат со зборовите: „што ги издава Министерството и овластените службени лица".

Член 14

Во членот 48 став 2 точка 4 се менува и гласи:

„4. министерот, неговиот заменик, раководните работници и работниците кои раководат со подрачните организациони единици".

Член 15

Во членот 51 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи и овластените службени лица на тие органи" се заменуваат со зборовите: „Министерството и овластените службени лица".

Член 16

Членот 52 се менува и гласи:

„Овластено службено лице на Министерството има право да задржи лице најмногу до 3 дена во случаите:

— ако е тоа потребно заради утврдување на неговиот идентитет, а идентитет не може на друг начин да се утврди и

— ако го испорачале странски органи на безбедноста заради спроведување до надлежниот орган.

Задржувањето во случаите од став на овој член се врши врз основа на писмена наредба.

Работниците на Министерството за внатрешни работи, должни се на лицето од став 1 на овој член веднаш да му ги соопштат неговите права и да му овозможат да користи телефон или друго комуникативно средство заради повикување на адвокат или лице кое може да го потврди неговиот идентитет.

По престанувањето на причините од став 1 на овој член задржаното лице веднаш се ослободува".

Член 17

Во членот 53 став 2 по зборот „Републиката" се слава точка, а зборовите: „односно општината на која ѝ припаѓа органот чиј работник го задржало" се бришат.

Член 18

Во членот 54 став 2 се менува и гласи:

„Преземањето на мерките од став 1 на овој член може да го нареди министерот".

Член 19

Во членот 56 став 2 по зборот „Републиката" се става точка, а зборовите: „односно општината на која ѝ припаѓа органот на управата надлежен за внатрешни работи чии работи ги вршело овластеното службено лице што го употребило сообраќајното средство или средството за врска" се бришат.

Член 20

Во глава „VI. Меѓусебни односи и соработка на органите на управата надлежни за внатрешни работи, „поглавјето" 1. Меѓусебни односи и соработка на органите на управата надлежни за внатрешни работи во Републиката" и членовите од 63 до 70 се бришат.

Член 21

Во членовите 71 и 75 став 1 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи во Републиката" се заменуваат со зборот „Министерството".

Член 22

Во членот 73 зборовите: „органите на управата надлежни за внатрешни работи се должни да соработуваат" се заменуваат со зборовите: „Министерството соработува".

Член 23

Во член 78 зборовите: „соодветниот општински" се бришат.

Член 24

Глава „VII. Самоуправување и работни односи" се менува и гласи „VII. работни односи". Поглавјето „1. Самоуправување" и членот 80 се бришат.

Член 25

Во членот 81 став 2 точка 6 зборовите: „во Републичкиот секретаријат и Секретаријатот за внатрешни работи на Собранието на град Скопје" се заменуваат со зборот „Министерството".

Точката „11" се брише.

Ставовите 5 и 6 се бришат.

Член 26

Во членот 82 став 1 точка 3 се менува и гласи:

„3. Да не е осудувано за кривично дело против уставното уредување и безбедноста на Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, против стопанството, слободите и правата на човекот и граѓанинот, службената должност, вооружените сили, тешки дела против животот и телото, достоинството на личноста и моралот, имотот или кривично дело извршено од користољубие и нечесни побуди."

Член 27

Членовите 93 и 94 се бришат.

Член 28

Членот 95 се менува и гласи:

„Кога работникот се распоредува во подрачна организациона единица има право на личен доход во висина на личниот доход остварен во последниот месец пред распоредувањето ако тоа за него е поповолно, надоместок за селидбени трошоци, надоместок за одвоен живот ако не му е обезбедено сместување или стан, на секој трет месец 7 дена платено отсуство и надоместок на трошоци за превоз заради носета на потесното семејство од кое работникот живее одвоено.

Кога распоредувањето трае подолго од 6 месеци на работникот му се обезбедува сместување или стан".

Член 29

Членовите 96, 97, 98, 99, 100, 106 и 110 се бришат.

Член 30

Поглавјето „4. Дисциплинска одговорност" и членовите од 113 до 126 се бришат.

Член 31

Во членот 136 став 2 зборот „органите" се заменува со зборот „органот".

Член 32

Во членот 141 став 3 се менува и гласи:

„Надоместокот од став 2 на овој член се исплатува од средствата на органот".

Член 33

Во членот 142 став 1 зборовите: „во органите на управата надлежни за внатрешни работи" се бришат.

Во став 2 зборовите: „општината односно" се бришат.

Член 34

Во членот 143 став 3 по зборот „Републиката" се става точка, а зборовите: „односно општината на органот на кого му е укажана помошта" се бришат.

Член 35

Во членот 144 став 2 зборовите: „работната заедница со самоуправен општ акт" се заменуваат со зборот „министерот".

Член 36

Членот 147 се брише.

Член 37

Членот 148 се менува и гласи:

„Средствата за редовна дејност, посебни намени, средствата за опремување и модернизација на органот, како и средствата за други потреби утврдени со закон или други прописи, се обезбедуваат од Буџетот на Републиката".

Член 38

Членовите 149 и 151 се бришат.

Член 39

Во членот 152 став 1 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за станбена изградба, изградба на простор за работа и простор за сместување на опремата и материјалите".

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Средствата за набавка на опрема за изградба на работен простор и простор за сместување на опремата и материјалите и за станбена изградба се обезбедуваат врз основа на програма".

Во досегашниот став 2 кој станува став 3 зборовите: „функционерот кој раководи со органот на управата надлежен за внатрешни работи" се заменува со „министерот".

Член 40

Членовите 154 и 157 се бришат.

Член 41

Во член 161 зборовите: „110 и член" се бришат.

Член 42

Во целиот текст на Законот за внатрешни работи зборовите: „Републички секретаријат", „органите на управата надлежни за внатрешни работи", „органот на управата надлежен за внатрешни работи" и „републички секретар" се заменуваат со зборовите: „Министерството" односно „министерот", а зборовите: „Извршниот совет на Собранието на СРМ" се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Македонија".

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**695.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 30 јули 1991 година

Број 08-3305/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за експропријација („Службен весник на СРМ" број 46/89), членот 10 се менува и гласи:

„Експропријацијата на недвижноста се врши во корист и за потребите на Републиката, општините, месните заедници, претпријатијата, организациите на здружениот труд и другите правни лица (корисници на експропријацијата).

Во градовите и населбите од градски карактер и во другите подрачја предвидени за станбена и за друга комплексна изградба, експропријацијата може да се врши во корист на Републиката".

Член 2

Во член 11 став 2 по зборот „банка" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

По став 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Кога Републиката е корисник на експропријацијата во случаите од член 10 став 2 на овој закон, паричните средства за плаќање на правичен надоместок се обезбедуваат од средствата за доделување на градежно земјиште.

Доказ за обезбедување средства од став 3 на овој член е изводот од сметката на која се водат средствата за доделување на градежно земјиште".

Член 3

Во член 15 ставовите 1 и 2 зборовите: „на општината" се бришат.

Член 4

„Во членот 16 став 1 зборовите: „Социјалистичка" и зборовите: „или собранието на општината" се бришат, а зборовите: „Извршниот совет на Собранието" се заменува со зборовите: „или Владата".

Член 5

Членот 18 се менува и гласи:

„Предлог за експропријација поднесува корисникот на експропријацијата до Републичката управа за имотно-правни работи, која одлучува по предлогот за експропријација согласно со овој закон и Законот за општата управна постапка".

Член 6

Во членот 21 став 1 се менува и гласи:

„Предлогот за експропријација органот од член 18 на овој закон по приемот го доставува до сопственикот на недвижноста и до Републичката геодетска управа".

Член 7

Членот 23 се менува и гласи:

„Против решението на органот од член 18 на овој закон, може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија".

Член 8

Во членот 24 став 2 зборовите: „Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка" се заменуваат со зборовите: „Владата на".

Член 9

Во членовите 25, 26, став 7, 35, 39 став 2, 47 став 1 и член 52 зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правни работи" се заменуваат со зборовите: „органот од член 18 на овој закон".

Член 10

Во член 46 став 2 зборот „општинскиот" се заменува со зборот „Републичкиот".

Член 11

Во постапката за определување на надоместокот за експроприраните недвижности во корист на општините според член 10 став 2 на Законот за експропријација, кои се во тек, како корисник на експропријацијата е Републиката.

Кога со правосилно решение е извршена експропријација на недвижност во корист на општината до влегување во сила на овој закон, а на експроприраната недвижност не се преземени дејствија за преведување кон целта на експропријацијата и обезбедените средства за плаќање на надоместокот се потрошени, односно се недоволни, по барање на Републиката како корисник на експропријацијата според став 1 на овој член, Републичката управа за имотно-правни работи ќе го поништи правосилното решение за експропријација.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**696.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, пртеседателот на Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1991 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачката во 1991 година, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Број 08-3311/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1991 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон привремено се ограничува располагањето со дел од средства за финансирање на општите општествени и на заедничките потреби во 1991 година.

Член 2

Оганичувањето на располагањето со дел од средствата за финансирање на општите општествени и на заедничките потреби се однесуваат на вкупните изворни приходи на Републичкиот буџет (освен средствата за реализација на програмите од областа на внатрешните работи), општинските буџети и на приходите за намирување на потребите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствената заштита и вработувањето и тоа за:

- — Републички буџет — до износ од 10.071.134.478 д.
- — Општински буџети — до износ од 593.266.000 д.
- — Пензиско и инвалидско осигурување до износ од 7.300.000.000 д.
- — Здравствена заштита — до износ од 4.200.000.000 д.
- — Вработување — до износ од 340.000.000 д.

Износите на средствата по одделни општини се дадени во прегледот што е составен дел на законот.

Во износот од став 1 алинеја 1 на овој член е вклучен износот на средствата за преземените надлежности од општините за првото полугодие од 1991 година.

Член 3

Доколку во текот на годината се оствари износ на средства над износот од член 2 на овој закон, ќе се изврши усогласување на стапките на зафаќања за остварување на изворните приходи.

Член 4

Контрола над спроведувањето на овој закон врши Службата на општественото книговодство во Република Македонија.

Член 5

Министерот за финансии по потреба ќе донесе поблиски прописи за спроведување на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕГЛЕД

на предвидени расходи со Буџетите на општините (за локална самоуправа за 1991 година)

(во динари)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Берово | 3.180.810 |
| 2. | Битола | 25.155.000 |
| 3. | Брод Мак. | 4.000.021 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Валандово | 7.279.911 |
| 5. | Виница Мак. | 4.790.000 |
| 6. | Гевгелија | 9.157.000 |
| 7. | Гостивар | 16.348.000 |
| 8. | Дебар | 3.415.849 |
| 9. | Делчево | 6.413.000 |
| 10. | Д. Хисар | 4.229.000 |
| 11. | Кавадарци | 8.700.000 |
| 12. | Кичево | 8.270.243 |
| 13. | Кочани | 7.775.700 |
| 14. | Кратово | 4.127.000 |
| 15. | К. Паланка | 3 567.100 |
| 16. | Крушево | 4.610.710 |
| 17. | Куманово | 21.858.800 |
| 18. | Неготино | 5.100.000 |
| 19. | Охрид | 17.500 000 |
| 20. | Прилеп | 33.796.927 |
| 21. | Пробиштип | 3.212.000 |
| 22. | Радовиш | 9.269.393 |
| 23. | Ресен | 16 570.770 |
| 24. | Св. Николе | 4.744.220 |
| 25. | Струга | 24.107.115 |
| 26. | Струмица | 20.175.000 |
| 27. | Тетово | 37.700.000 |
| 28. | Т. Велес | 14.123.108 |
| 29. | Штип | 9.928.200 |
| 30. | Општините во Скопје и градско собрание | 254.151.800 |
| | ВКУПНО: | 593.266.277 |

**697.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување на Законот за данокот од доход,

што Собранието на Република Макдеонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Број 08-3310/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Член 1

Во Законот за данокот од доход („Службен весник на СРМ“ број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85. 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89, 43/89, 47/89, 4/90, 5/90, 15/90, 23/90 и 30/90), член 10 се менува и гласи:

„Обврзниците на данокот на доход го плаќаат данокот од доход по стапка од 8,386%, освен обврзниците што данокот го плаќаат по следниве стапки и тоа:

— по стапка од 13,586% обврзниците од областа 01-Индустрија и рударство, групата 01309 — Производство на други прехранбени производи, од областа 07 — Трговија, подгрупите 070222 — Сува кожа, волна и слично; 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи, 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати и гранката 0703 — Надворешна трговија, од областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги, гранките 1101 — Банкарство и 1102 — Осигурување на имоти и лица;

— по стапка од 10,886% — обврзниците од областа 07 — Трговија, гранката 0702 — Трговија на големо, освен групата 07021 — Трговија на големо со прехранбени производи и подгрупите: 070222 — Сува кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070227 — Лекови и санитетски материјал, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи и групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати;

— по стапка од 9,386% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0101 — Електростопанство (освен подгрупата 010102 — Производство на термоелектрична енергија);

— по стапка од 7,986% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи (освен подгрупата 012691 — Производство на прекривачи за под), 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија;

— по стапка од 7,886% — обврзниците од областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги, гранката 1104 — Проектирање и сродни технички услуги;

— по стапка од 7,086% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство и тоа гранките, групите и подгрупите: 01121 — Производство на стакло, 01142 — Производство на земјоделски машини, 011722 — Производство на радио и телевизиски приемници и електро-акустични апарати и уреди, 011723 — Производство на комуникациони апарати и уреди 012002 — Производство на камен, чакал и песок, 01211 — Производство на вар и гипс, 01213 — Производство на тули и керамиди, 012142 — Производство на префабрикувани градежни елементи, 0122 — Производство на режана граѓа и плочи, 0123 — Производство на финални производи од дрво, 012691 — Производство на прекривачи за под; областите 02 — Земјоделство и рибарство, 03 — Шумарство, 04 — Водостопанство, 05 — Градежништво, 06 — Сообраќај и врски, (освен гранката 0601 — Железнички сообраќај), од гранката 0701 — Трговија на мало, само групата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи, 08 — Угостителство и туризам; 09 — Занаетчиство и лични услуги, 10 — Станбено-комунални дејности и уредување на населби и простори и гранката 1105 — Геолошки истражувања;

— по стапка од 6,886% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство од гранката 0101 — Електростопанство, подгрупата 010102 — Производство на термоелектрична енергија и гранката; 0102 — Производство на јаглен; од областа 06 — Сообраќај и врски, гранката: 0601 — Железнички сообраќај;

— по стапка од 2,456% — обврзниците од областа 12 — Образование, наука, култура и информации подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови;

— по стапка од 1,516% — обврзниците од областа 13 — Здравствена и социјална заштита, подгрупата 13016 — Аптеки;

— по стапка од 1,456% обврзниците од областа 12 — Образование, наука, култура и информации, 13 — Здравствена и социјална заштита, освен подгрупата — 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови и групата 13016 — Аптеки и 14 — Општествено-политички заедници“.

Член 2

Член 26-б се менува и гласи:

„По исклучок во првото полугодие на 1991 година, правните лица во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија и во областите: 02

— Земјоделство и рибарство и 04 — Водостопанство, се ослободуваат од обврската за плаќање данок од доход.

По исклучок во второто полугодие на 1991 година, правните лица во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија и во областите: 02 — Земјоделство и рибарство и 04 — Водостопанство, плаќаат данок од доход по стапка од 5,886%."

Член 3

Од 1 јули 1991 година престануваат да важат одредбите на законите за самоуправните интересни заедници од општествените дејности со кои се утврдени придонесите од доходот, одлуките на самоуправните интересни заедници од општествените дејности со кои се воведени и се плаќаат придонесите од доходот, одредбите од Законот за самоуправните интересни заедници на становањето со кои е воведен и се плаќа придонес од доходот за станбена изградба, како и одредбите од Законот за општонародна одбрана според кои се издвојуваат средства од доходот за општонародна одбрана, освен одредбите од Законот за здравствена заштита.

Неуплатените средства од придонеси од доходот и другите издвојувања од доходот за месеците до 30. VI. 1991 година, се уплатуваат на уплатените сметки во висина на стапките пропишани со одлуките на самоуправните интересни заедници од општествените дејности и за становањето, односно со општествен договор, од кои Службата на општественото книговодство во Република Македонија ги насочува во Републичкиот буџет."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбата од член 1 се применува од 1 јули 1991 година.

**698.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Бр. 08-3318/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" број 32/87, 18/89, 36/89 и 17/91), членот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредува делокругот на работа на организацијата надлежна за работите на вработувањето, евиденцијата на невработените лица и лицата кои бараат вработување и нивните права и обврски; правата и обврските на организацијата и работодавачите; вработување на инвалидни лица, професионална ориентација; стручно оспособување и преквалификација на невработените лица и финансирањето на вработувањето".

Член 2

По членот 2 се додаваат 10 нови членови: 2-а, 2-б, 2-в, 2-г, 2-д, 2-ѓ, 2-е, 2-ж, 2-з, и 2-ѕ и нова глава II кои гласат:

„Член 2-а

Работниците вработени во претпријатија, организации од општествени дејности, банки и други финансиски и осигурителни организации, задруги и други форми на соработка со странско лице, работни заедници и други самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст — организација), работниците кои самостојно вршат дејност со личен труд, односно со личен труд и средства во сопственост на граѓани кај граѓанско-правни и физички лица, во земјоделско стопанство, претставништва на странски фирми и дипломатско-конзуларни претставништва (во натамошниот текст-работодавачи), граѓански лица на служба во Југословенската народна армија, работници на привремена работа во странство за кои СФРЈ нема склучено меѓудржавна спогодба за социјално осигурување и Републиката обезбедува средства за остварување на правото на работа и правото за време на невработеност.

Член 2-б

Организација надлежна за работите на вработувањето е Републичкиот завод за вработување (во натамошниот текст: Републички завод).

Републичкиот завод е организација со својство на правно лице.

Член 2-в

Посредувањето при вработувањето и обезбедувањето на права за време на невработеност се работи од посебен општествен интерес.

Член 2-г

Надзор над работењето и над законитоста на работата на Републичкиот завод и спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени согласно со овој закон, врши Министерството за труд и социјална политика.

## II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД

Член 2-д

Републичкиот завод го следи и истражува пазарот на работна сила и занимањата; утврдува биланс на работна сила; посредува при вработувањето; води евиденција за лицата кои бараат работа; ја следи реализацијата и пополнувањето на пријавените потреби од работници во организации и кај работодавачи; ја следи подвижноста на работна сила; организира и спроведува програми за професионална ориентација, стручно оспособување, преквалификација и доквалификација, врши работи во врска со вработувањето на наши работници во странство и остварување на нивните права; врши работи во врска со вработувањето на странски државјани; обезбедува функционирање на информативниот систем во областа на вработувањето и врши други работи утврдени со овој закон.

Член 2-ѓ

Работата на Републичкиот завод е јавна.

Член 2-е

Со работите на Републичкиот завод управува Совет.

Советот на Републичкиот завод има 9 члена кои ги именува Собранието на Република Македонија.

Советот од своите членови избира претседател за време од 4 години.

Членовите на Советот на Републичкиот завод се избираат за време од 4 години.

Член 2-ж

Советот на Републичкиот завод:

— донесува статут на Републичкиот завод;

— дава согласност на општиот акт за организација и работа на Републичкиот завод и општиот акт за систематизација на работите на Републичкиот завод;

— презема мерки за обезбедување на единствен информативен систем на вработувањето;

— го оценува обемот на потребните средства и одлучува за користење на средствата;

— донесува финансиски план и ја усвојува завршната сметка;

— одлучува и за други работи од интерес за вршење на вработувањето утврдени со Статутот.

Член 2-з

Статутот на Републичкиот завод го потврдува Собранието на Република Македонија.

Член 2-ѕ

Со Републичкиот завод раководи директор, кој врз основа на јавен конкурс го именува Советот.

Согласност на одлуката за именување на директор на Републичкиот завод дава Собранието на Република Македонија".

Член 3

Насловот на Глава II „Самоуправна заедница од областа на вработувањето" и членовите од 3 до 11 се бришат.

Член 4

Во членот 12 и во другите одредби од Законот зборовите: „заедницата за вработување" и „Републичка заедница" се заменуваат со зборовите „Републички завод" во соодветен член.

Член 5

Во членот 18, став 1, зборовите „по приемот на известувањето на Заедницата за вработување не се јави на конкурс, односно оглас заради засновање на работен однос" се бришат, а зборовите: „го губи приоритетот во траење од една година, со тоа што тоа време не се засметува во време на чекање за вработување", се заменуваат со зборовите: „го губи правото на паричен надоместок и парична помош".

Ставот 2 се брише.

Член 6

Во членовите 19 став 1, 23 став 4 и 36 став 2 зборовите „самоуправен општ акт на заедницата за вработување" се заменуваат со зборовите: „општ акт на министерот за труд и социјална политика".

Член 7

Во членот 21 став 2 зборовите: „Републичката заедница во согласност со закон" се заменуваат со зборовите: „со општ акт на министерот за труд и социјална политика".

Член 8

Во членот 22 зборовите: „Заедницата за вработување" се заменуваат со зборовите: „Министерот за труд и социјална политика, со општ акт."

Член 9

Во членот 25 став 1 зборовите: „самоуправен општ акт на Републичката заедница" се заменуваат со зборовите: „општ акт на министерот за труд и социјална политика".

Член 10

Во членот 26 став 1 зборовите: „не може да биде пониска" се заменуваат со зборовите: „во износ".

Член 11

Членот 37 се менува и гласи:

„Невработено лице, односно работник за чија работа престанала потребата, право утврдено со овој закон може да стекне кога ќе ги исполни условите утврдени со овој закон.

За остварување на право за време на невработеност се поднесува писмено барање до Републичкиот завод".

Член 12

Членот 38 се менува и гласи:

„Во постапката за остварување на право за време на невработеност се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

По барањето за остварување на право за време на невработеност во прв степен решава Републичкиот завод.

По жалба против првостепеното решение на Републичкиот завод решава Министерството за труд и социјална политика".

Член 13

Насловот на главата V се менува и гласи: „ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И НА РАБОТОДАВАЧИТЕ".

Член 14

Во членот 40 став 1 зборот „надлежната" се брише.

Ставот 2 се брише.

Член 15

Во членовите 41 и 76 став 2 зборот: „Социјалистичка" се брише.

Член 16

Членот 44 се брише.

Член 17

Членот 45 се менува и гласи:

„Ако во евиденцијата на лицата кои бараат работа нема невработено лице од соодветниот степен на стручна подготовка, Републичкиот завод е должен да ѝ понуди на организацијата, односно на работодавачот стручно оспособување, преквалификација или доквалификација на невработено лице".

Член 18

Во членот 68 став 1 запирката и зборовите: „а според самоуправниот општ акт на заедницата за вработување" се заменуваат со зборовите: „со општ акт на министерот за труд и социјална политика".

Член 19

Насловот на главата VIII се менува и гласи: „ФИНАНСИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО".

Член 20

Во членот 74 ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата за обезбедување на правата за време на невработеност и за вршење на работите од областа на вработувањето се обезбедуваат од:", а точката 2 се менува и гласи: „2) Средства што Републичкиот завод ги здружува врз основа на договор со друга организација или работодавач".

Член 21

Во членот 75 став 1 по зборот: „работодавачите" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот 3 се брише.

Член 22

Членот 76 се менува и гласи:

За правата по основ на невработеност и за вршење на работите утврдени со овој закон стапката на придонесот, ја утврдува Собранието на Република Македонија.

Средствата од придонесот за вработување се уплатуваат на сметка на Републичкиот завод".

Член 23

Членот 78 се менува и гласи:

„Средствата од придонесот за вработување Републичкиот завод ги користи за остварување на правата на невработените лица и за вршење на работите на вработувањето во согласност со овој закон.

Средствата од ставот 1 на овој член Републичкиот завод може да ги користи за остварување на одредени права при вработувањето на невработени лица со високо образование, заради стекнување на работно искуство за полагање на стручен испит за самостојно вршење на работите, односно работните задачи, под услови и на начин уредени со договор".

Член 24

Во членот 83 став 2 зборовите: „Самоуправна спогодба" се заменуваат со зборот „договор".

Член 25

Постојните самоуправни интересни заедници за вработување престануваат со работа со денот на конституирањето на Советот на Републичкиот завод.

Член 26

Републичкиот завод започнува со работа со формирањето на Совет на Републичкиот завод.

Член 27

Републичкиот завод ги презема работниците, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и средствата на фондовите на самоуправните интересни заедници за вработување.

Член 28

Општите акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

До донесувањето на одлуката за утврдување на придонесот за вработување, приходите за оваа дејност ќе се остваруваат според постојните стапки на придонеси за вработување.

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**699.**

Врз основа на Амандман LXXV точка 3 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 1991 година.

Бр. 08-3317/1
31 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89 и 19/90), членот 3 се менува и гласи:

„Работниците во работен однос и другите работни луѓе, како и работниците во работен однос, индивидуалните земјоделци и другите работни луѓе кои ги оствариле правата од пензиското и инвалидското осигурување (во натамошниот текст: корисници на права), од Република Македонија својата материјална и социјална сигурност од пензиското и инвалидското осигурување ја обезбедуваат во фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фонд) во кој врз основа на начелата на заемност и солидарност и на минат труд ги утврдуваат своите заеднички и поединечни права и обврски, спроведување на политиката на развојот и унапредувањето на пензиското и инвалидското осигурување".

Член 2

Во членот 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ги обезбедуваат и ги здружуваат во Фондот работниците во работен однос, индивидуалните земјоделци и другите работни луѓе и организации на начин определен со овој закон".

Член 3

„Насловот на глава VIII „САМОУПРАВНО ИНТЕРЕСНО ОРГАНИЗИРАЊЕ" се менува и гласи: VIII „ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ".

Член 4

Поднасловот „1. ЗАЕДНИЦА" и членовите од 111 до 118 се бришат.

Член 5

По членот 110 се додаваат седум нови члена: 110-а, 110-б, 110-в, 110-г, 110-д, 110-ѓ, и 110-е и нов поднаслов 1 кои гласат:

„Член 110-а

Заради остварување на поединечните и заедничките потреби и интереси на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување во Фондот:

— се спроведува политиката на развојот на пензиското и инвалидското осигурување која ја утврдува Собранието на Република Македонија;

— се предлага преземање мерки за унапредување на системот на пензиското и инвалидското осигурување;

— се предлага висина на стапка на придонес за пензиското и инвалидското осигурување во согласност со Министерството за труд и социјална политика;

— се преземаат мерки за рационално користење на средствата потребни за обезбедување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;

— се усвојува годишен извештај за работа на Стручната служба на Фондот;

— се донесуваат Статут на Фондот и општи акти за поблиско уредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;

— се донесува финансиски план и се усвојува завршната сметка на Фондот;

— се донесуваат општи акти за формирање и основите на организацијата на стручната служба на Фондот, се утврдуваат средства потребни за нејзина работа, се уредуваат меѓусебните односи, правата, обврските и одговорности на стручната служба и се даваат насоки за работа на стручната служба;

— се утврдува организацијата на работата на стручната служба во војна, во непосредна воена опасност и во други воени околности и

— се вршат други работи определени со закон и Статутот на Фондот.

Фондот има својство на правно лице.

Член 110-б

Со Фондот управува Управен одбор.

Управниот одбор има 9 члена кои ги именува Собранието на Република Македонија.

Управниот одбор од своите редови избира претседател за време од 4 години.

Управниот одбор на Фондот најмалку еднаш годишно и поднесува извештај за својата работа на Владата на Република Македонија и на Собранието на Република Македонија.

Член 110-в

Фондот има директор кој, по пат на јавен конкурс, го именува Управниот одбор.

Согласност на одлуката за именување на директор на Фондот дава Собранието на Република Македонија.

Директорот на Фондот се именува за време од 4 години.

Член 110-г

За вршење на управните, финансиските, стручните, административните и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот образува единствена стручна служба со подрачни единици во општините.

Член 110-д

Фондот има Статут.

Со Статутот на Фондот особено се уредува:

— организацијата и начинот на работењето на Фондот;

— правата од пензиското и инвалидското осигурување во согласност со Законот;

— правата, обврските и одговорностите на органите на управувањето и другите органи на Фондот;

— јавноста во работењето на Фондот и на неговите органи;

— начинот на вршењето на стручно-административните правни и други работи во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување;

— други прашања од значење за работењето на Фондот.

Член 110-ѓ

Посебниот општествен интерес во пензиското и инвалидското осигурување се остварува со:

1) давање согласност на Статутот на Фондот од Собранието на Република Македонија;

2) учество на членови во Управниот одбор на Фондот, именувани од Собранието на Република Македонија и

3) давање согласност за избор на директорот на Фондот.

Член 110-е

Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работата на Фондот.

Министерството за труд и социјална политика може да запре извршување на општ акт на Фондот, ако не е во согласност со овој закон и Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување или ако не е во согласност со Уставот, до донесувањето на Одлуката на Уставниот суд".

Член 6

Членот 120 се менува и гласи:

„Средствата за остварување на заедничките потреби и интереси во пензиското и инвалидското осигурување ги обезбедуваат работниците во работен однос во организации, работодавачите и други работни луѓе осигурени според овој закон и ги здружуваат во Фондот, во согласност со утврдените заеднички цели, задачи, потреби и интереси во пензиското и инвалидското осигурување".

Член 7

Во членот 121 ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се обезбедуваат со плаќање на придонес од личниот доход на работниците и со придонесот од доходот, односно од добивката на организацијата, како и со придонес од добивката и од приходот што работодавачот ќе го оствари со вршењето на својата дејност, од средствата на Републиката **и од други приходи"**.

Член 8

Членот 122 се менува и гласи:

„Стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување ги утврдува Собранието на Република Македонија, по предлог на Фондот.

Стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат за период за кој се донесува финансискиот план на Фондот.

По исклучок од став 2 на овој член стапките на придонесот можат да се донесуваат и за период пократок од една година во зависност од економските движења и очекуваните обврски на Фондот, со измена на Финансискиот план на Фондот.

Одлуките за стапките на придонесот се донесуваат и се објавуваат пред почетокот на календарската година во која почнува нивната примена. Ако во тој рок одлуките не се донесени, ќе се применуваат стапките на придонесот кои важеле во претходниот период".

Член 9

Во сите членови во Законот за пензиското и инвалидското осигурување зборот „Заедницата" се заменува со зборот „Фонд", а зборовите: „Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија" се заменуваат со зборовите. „Владата на Република Македонија", а зборот „Социјалистичка" се брише.

Член 10

Постојната Самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и нејзината стручна служба ќе престане со работа со денот на конституирањето на Управниот одбор.

Фондот ги презема работниците, паричните средства, средствата за работа, правата и обврските на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Фондот ги презема и работниците од општинските самоуправни интересни заедници или друг облик на самоуправно организирање кои ги вршат работите за потребите на пензиското и инвалидското осигурување.

Член 11

Управниот одбор на Фондот на првата седница именува вршител на должноста директор на Фондот кој должноста ќе ја врши до именувањето на директор на Фондот по редовна постапка.

Член 12

Статутот и другите општи акти Фондот ќе ги донесе најдоцна три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на општите акти од став 1 на овој член ќе се применуваат Статутот и другите општи акти на Заедницата, ако не се во спротивност со измените и дополнувањата на овој закон.

Член 13

Конститутивната седница на Управниот одбор на Фондот ја свикува досегашниот претседател на Собранието на Заедницата, по именување на членовите на Управниот одбор.

Именувањето на членовите на Управниот одбор и одржувањето на конститутивната седница на Управниот одбор ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1991 година.

---

**700.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи и организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/77 и 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО СПОМЕН ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" — СТРУМИЦА

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Спомен домот на културата „Благој Јанков-Мучето" во Струмица се избираат:

Кире Лазаров, професор, вработен во ОУ „Боро Џони“ — Струмица и

Ленче Ставрева, дипл. правник, вработена во Гимназијата „Јане Сандански“ — Струмица.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 10-3338/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**701.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО СТРУМИЦА

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народниот театар — Струмица се именуваат:

Туше Гошев, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Ванчо Младенов, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 10-3339/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**702.**

Врз основа на член 251 став 6 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ број 19/83, 29/89 и 19/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЦОУ „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ-БАТО“ — КИЧЕВО

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ЦОУ „Видое Смилевски-Бато“ — Кичево се именуваат:

Митан Блажевски, вработен во Општинската управа за приходи — Кичево и

Саве Димитриоски, вработен во РО „Кичевопром“ — Кичево

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 10-3340/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**703.**

Врз основа на член 251 став 6 од Законот за предучилишното и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ број 19/83, 29/89 и 19/91) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА СПЕЦИЈАЛНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ИДНИНА“ — ЧАИР — СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Специјалното основно училиште „Иднина“ — Чаир — Скопје се именуваат:

Александар Флоровски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Фаик Абди, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 10-3341/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**704.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ПАРТИЗАНСКИОТ ДОМ „САНДЕВО“, с. САНДЕВО — СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Партизанскиот дом „Сандево“ с. Сандево — Скопје, се избираат:

Никола Глигоров, стручен работник КПЗ на град Скопје и

Благородна Циниќ, секретар на Општинската организација на Црвениот крст на Македонија — Чаир.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен всеник на Република Македонија“.

Број 10-3342/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**705.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЦЕНТАРОТ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ „АЦО РУСКОВСКИ“ — БЕРОВО

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Цента-

рот за средно образование „Ацо Русковски" — Берово, се избираат:

Борис Сирачевски, инспектор за труд во подрачната единица Берово на Министерството за труд и социјална политика и

Д-р Миле Пачемски, лекар од Берово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3343/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**706.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УЧИЛИШНИОТ ЦЕНТАР ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" — ВАЛАНДОВО

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Училишниот центар за средно образование „Гоце Делчев" — Валандово, се избираат:

Елисавета Дурлојкова, специјалист по детска медицина во Здравствениот дом — Валандово и

Васка Лидова, педагог во ЦОУ „Јосип Броз-Тито" — Валандово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3344/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с р.

**707.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УЧИЛИШТЕТО ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ „РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ КОРЧАГИН" — СКОПЈЕ

1. Во Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Училиштето за средно образование „Раде Јовчевски — Корчагин" Скопје, се избираат:

Марко Димитров, директор на Училиштето за физичка култура „Методи Митевски—Брицо" — Скопје и

Ѓорѓи Чулаковски, професор во Училиштето за применета уметност „2 Август" — Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3345/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**708.**

Врз основа на член 251 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89 и 11/91), Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЦОУ „БОШКО БУХА", с. ГЛУМОВО — СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ЦОУ „Бошко Буха" с. Глумово, се именуваат:

Љубомир Ѓуревски, магационер во Воениот отпад — Скопје, и

Пранвера Карахасан, педагог во ЦОУ „Борис Кидрич" с. Сарај — Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3346/1
26 јули 1991 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
**Никола Крстески,** с. р.

**709.**

Врз основа на член 251 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/89 и 11/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јули 1991 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ОУ „БРАЌА РИБАР" — СКОПЈЕ

